**С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**05.04.2019 год.** **Бр.V**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 30-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 04.04.2019 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 30-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 04.04.2019 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-455/1 од 05.04.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 30-та седница, одржана на 04.04.2019 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 29-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 15.03.2019 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-436/3 од 04.04.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002 година), член 18 став 1 точка 3 и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Крушево (“Службен гласник на Општина Крушево “ бр. 1/2002 година и 16/2014 година ), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 04.04.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Интегриран план за локален развој на Општина Крушево за период 2019 – 2022**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Интегриран план за локален развој на Општина Крушево за период 2019 – 2022 година, изработен со поддршка од Проектот „Унапредување на општинското владеење“ финансиран од Европската Унија, а имплементиран од УНДП и Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Предлог - Интегриран план за локален развој на Општина Крушево за период 2019 – 2022 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавување во “Службен гласник на Општина Крушево”.

**Бр.08-436/5 од 04.04.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 04.04.2019 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на приоритет за имплементација на проект за водоснадбување на населено место Јакреново, Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за имплементација на проект за водоснабдување на населено место Јакреново, Општина Крушево.

**Член 2**

Општина Крушево го утврдува како приоритет проектот за водоснабдување на населено место Јакреново, Општина Крушево за да може да аплицира за средства распределени на општина Крушево со Одлука за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ склучен помеѓу Влада на Република Македонија, Министерство за транспорт и врски и Европската инвестициона банка.

**Член 3**

По неговото одобрување од Европската инвестициона банка, проектот ќе се реализира со средствата распределени на општина Крушево со Одлука за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ склучен помеѓу Влада на Република Македонија, Министерство за транспорт и врски и Европската инвестициона банка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-436/6 од 04.04.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.М.” бр.28/04; 84/05; 25/07; 87/08; 42/10; 48/10; 24/11; 166/12; 70/13; 119/13; 120/13; 187/13; 38/14; 41/14; 138/14; 88/15; 192/15; 6/16; 30/16; 61/16; 64;18 и 120/18), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 04.04.2019 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
**за давање Согласност на**
**КРУШЕВО ВЕЕД ИНТ ДОО Скопје**
**да може да го употреби името Крушево**

1. Се дава Согласност на **КРУШЕВО ВЕЕД ИНТ ДОО Скопје**, со седиште на ул.“1612“ бр.3-27 од Скопје, да може да го употреби името Крушево во состав на името на фирмата.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина.

**Бр.08-436/7 од 04.04.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за здруженија и Фондации („Сл.весник на Р.М.” бр.52/10; 135/11 и 55/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 04.04.2019 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
**за давање Согласност на**
**Здружените на граѓани „Феникс-Крушево“ во основање**
**да може да го употреби името Крушево**

1. Се дава Согласност на Здржението на граѓани „Феникс-Крушево“, со седиште на ул.“Илинденска“ бб Крушево, во основање да може да го употреби името Крушево во состав на името на Здружението.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина.

**Бр.08-436/8 од 04.04.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 20б. став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на Р.М.” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18 и 198/18) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14 ), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 04.04.2019 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К
**за давање согласност на дополнувањето на годишниот план за вработување**
**на Општина Крушево за 2019 година**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на дополнувањето на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2019 година бр.03-543/1 од 03.05.2018 година за кој има добиено позитивно мислење од МИОА бр.12/6-3509/6 од 23.07.2018 година.

2. Во годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2019 година се врши дополнување во дел 2. Планирани движења во кадарот во следната година, во табела 2 планирано пополнување на работни места преку унапредување или распоредување. Дополнувањето се врши за хоризонтално распоредување на работно место Раководител на одделение за администрирање на приходи и унапредување преку објавување на интерен оглас за работно место Раководител на одделение за ЛЕР и прекугранична соработка. Овие движења на кадарот беа предвидени во годишниот план за вработување за 2018 година, но не се реализираа.

Дополнување има во тебела 4 планирано испрзнување на работни места преку пензионирања и најевени заминувања во следната година. Се врши измена во вкупниот број вработени кои ќе се пензионираат или ќе заминат така што наместо 2 (два) треба да стои 3 (три). Дополнувањето се врши за пензионирањето на Раководителот на одделението за финансиски прашања, кое не беше најавено.

Дополнување се врши во дел 3 планирани нови вработувања, во табела 6 планирано пополнување на работни места преку нови вработувања, се менува вкупниот број на нови вработувања. Наместо 5 треба да стои 6.

Се брише реден број 1 УПР 0101 В01 000-Советник за аналитика и планирање на ЛЕР и прекугранична соработка и реден број 5 ПОЖ 0210 Б04 000-Командир на одделение во ТППЕ-Крушево, бидејќи е реализирано во 2018 година.

Се додаваат УПР 0101 В01 000-Советник овластен сметководител, заради зголем обем на работа и ИНС 0101 В01 001-Советник овластен комунален инспектор во одделението за инспекциски надзор Инспекторат.

Дополнувањето се врши и со реден број 6 УПР 0405 А03 004-Хигиеничар, заради непланирано испразнување на работното место.

3. Овај заклучок влегува во сила со денот на објавување на Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-436/9 од 04.04.2019 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на Р.М.” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 04.04.2019 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Годишната сметка на ЈП “Комуна” Крушево за 2018 година***

1. Советот на Општина Крушево, ја усвојува Годишната сметка на ЈП “Комуна” Крушево за 2018 година, бр.05-70/1 од 11.03.2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-436/10 од 04.04.2019 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 и 8 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на Р.М.” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 04.04.2019 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на извештајот за реализација на програмата за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2018 година***

1. Советот на Општина Крушево, го усвојува извештајот за реализација на програмата за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2018 година, бр.01-69/1 од 11.03.2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-436/11 од 04.04.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 и 8 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на Р.М.” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 04.04.2019 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на програмата за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2019 година***

1. Советот на Општина Крушево, ја усвојува програмата за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2019 година, бр.02-34/3 од 07.02.2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-436/12 од 04.04.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 7 и 8 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на Р.М.” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 04.04.2019 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на финансискиот План на ЈП “Комуна” Крушево за 2019 година***

1. Советот на Општина Крушево, го усвојува финансискиот План на ЈП “Комуна” Крушево за 2019 година, бр.05-70/2 од 11.03.2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-436/13 од 04.04.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А


Ре.бр. стр.
1. Заклучок за објавување на актите од 30-та седница на Советот на Општина Крушево......... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 29-та седница на Советот на Општина Крушево …………………………………………………… 1
3. Одлука за проширување на средствата на буџетот на Општина Крушево за 2019 година ……………………………………………………...1
4. Одлука за усвојување на Интегриран план за локален развој на Општина Крушево за период 2019-2022 година ………………………………….. 1
5. Одлука за утврдување на приоритет за имплемантација на проект за водоснабдување на населено место Јакреново, Општина Крушево …………………………………………………… 2
6. Решение за давање Согласност на КРУШЕВО ВЕЕД ИНТ ДОО Скопје, да може да го употребува името Крушево ……………………..2
7. Решение за давање Согласност на Здружението на граѓани “Феникс-Крушево” во основање да може да го употреби името Крушево …………………………………………….2
8. Заклучок за давање согласност на дополнувањето на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2019 година ……………………………………….. 3
9. Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ЈП “Комуна” Крушево за 2018 година ……. 3
10. Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на програмата за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2018 година …………….3
11. Заклучок за усвојување на програмата за работа на ЈП “Комуна” Крушево за 2019 година …………………………………………………. 4
12. Заклучок за усвојување на финансискиот План на ЈП “Комуна” Крушево за 2019 година ……………………………………………………….. 4


Редакциски одбор на Општина Крушево.